**20191271852**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 19 ставови 2 и 9 од Законот за практиканство („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОКАНАТА ЗА ЕДУКАЦИЈА, НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЕДУКАЦИЈАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА СПРОВЕДЕНАТА ЕДУКАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на поканата за едукација, начинот на спроведување на едукацијата и начинот на водење на евиденцијата за спроведената едукација.

Член 2

Кога во вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот за труд, ќе констатира сторена неправилност за прекршок, на работодавачот, му врачува покана за едукација.

Поканата за едукација од став 1 на овој член, се врачува лично на работодавачот што се повикува на едукација.

Инспекторот треба да обезбеди уреден доказ дека работодавачот што се повикува на едукација, уредно ја примил поканата од ставот 1 на овој член.

Поканата од ставот 1 на овој член, се печати на хартија со бела боја, на А4 формат, во три идентични примероци, чија содржина е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Едукацијата се врши во просториите на Државниот инспекторат за труд.

По исклучок од став 1 на овој член, едукацијата може да се врши и во деловните простории на работодавачот во кои при вршење на инспекцискиот надзор е утврдена неправилноста.

Член 4

Едукацијата се врши во времето одредено од страна на државниот инспектор за труд.

Едукацијата се врши два пати месечно, а по потреба и повеќе пати.

Член 5

За спроведената едукација, се води евиденција, рачно и/или во електронска форма, која содржи:

- реден број;
- број и датум на поканата за евиденција;
- име и презиме на лицето кое се повикува на едукација;
- назив и седиште на работодавачот;
- кратко означување на предметот на едукација;
- име и презиме на инспекторот кој ја извршил едукацијата;
- датум кога е извршена едукацијата и
- забелешка.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 08-4468/3
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.

Прилог

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗА ТРУД И**
**СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА**
Државен инспекторат за труд

Број: од година

**ПОКАНА**
**за спроведување на едукација**

**1. Податоци за лицето кое се повикува на едукација**

Име и презиме ____________________________________________
ЕМБГ ______________________ место на раѓање ________________
Адреса на живеење ________________________________________
Функција што ја врши кај работодавачот ______________________
Занимање _____________________ државјанство _______________

**2. Податоци за работодавачот**

Назив и седиште ___________________________________________
Бр. на трансакциска сметка __________________ даночен број ________
Депонент банка на работодавачот ____________________________

Државниот инспектор за труд ќе спроведе едукација во _______ часот, на ден ______ __________ година, во просториите на ______________________, лоцирани на Ул. ______________________________________
Предмет на поканата е _____________________________________
___________________________________________________________

Име и презиме на инспекторот

______________________________

М.П.

Место и датум на издавање

______________________________

**ЗАБЕЛЕШКА:** Согласно член 19 став (5) од Законот за практиканство, доколку во закажаниот термин лицето или работодавачот над кој се спроведува едукацијата, не се јави на едукацијата, ќе се смета дека едукацијата е спроведена.